# ПРЕДЛОГ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2026 ГОДИНА

Буџетот на Општина Демир Хисар претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, потребни за финансирање на надлежностите на општината. Тој се состои од основен буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на дотации и буџет на донации.
Извори на финансирање на буџетот на општината се сопствени извори на приходи, дотации и трансфери од буџетот на Републиката**.**

Буџетот на општина Демир Хисар за 2026 година е проектиран на вкупен износ од **289.672.766,00 денари**.

Планирани приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Демир Хисар се:

- даночни приходи 25.148.592,00 денари
- неданочни приходи 7.606.000,00 денари
- капитални приходи 7.350.000,00 денари
- приходи од дотации 147.128.653,00 денари
- приходи од трансфери 92.519.521,00 денари
- приходи од донации 3.920.000,00 денари
- домашно задолжување 0,00 денари
- салдо на сметка буџет 6.000.000,00 денари

Приходите на буџетот за 2026 година се планирани согласно трендот на наплата во изминатите години (за сопствените приходи на општината), измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 209/18) со кој се утврдени ограничувања при планирањето на сопствените приходи на основниот буџет и склучените договори за трансфер на средства за реализација на конкретни проекти, насоките од Министерството за финансии на РСМ за износите на блок-дотациите и дотациите од ДДВ.

**Даночните приходи** се планираат во износ од 25.148.592,00 денари и нивниот распоред по видови е даден во следниот табеларен приказ:

| **Ред. б.рој** | **ВИД** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|
| 1 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | **5.738.592,00** |
| 2 | Даноци на имот | **5.700.000,00** |
| 3 | Даноци од специфични услуги | **12.350.000,00** |
| 4 | Такси на користење или дозволи за вршење дејност | **1.360.000,00** |

**Неданочните приходи** во предлог буџетот на Општина Демир Хисар се планирани на вкупен износ од 7.606.000,00 денари и нивниот распоред по видови е  даден во следниот табеларен приказ:

| Ред. б.рој | ВИД | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Глоби, судски и административни такси | **300.000,00** |
| 2 | Такси и надоместоци | **6.456.000,00** |
| 3 | Други неданочни приходи | **850.000,00** |

**Трансфери и донации** се планирани на вкупен износ од 249.568.174,00 денари и во делот на трансферите доминираат блок дотациите за остварување на надлежностите од образованието, културата и детската заштита во износ од 138.128.653,00 денари, наменска дотација за пожарникарство 9.000.000,00 денари, трансфери од буџетот на РСМ и буџетите на фондовите – 54.844.235,00 денари,  дотација од ДДВ-37.675.286,00 денари и пренесен вишок на приходи (салдо на сметката)-6.000.000,00 денари, 1.420.000,00 денари планирани приходи од тековни донации на сметка за донација од Дом на културата „Илинден„ Демир Хисар, 2.500.000,00 денари донација од Национална агенција за европски програми Еразмус +  за СОУ К.П.Мисирков Демир Хисар.

**Капитални приходи** се планираат во вкупен износ од 7.350.000,00 денари и во нив најголем дел опфаќаат надоместокот од концесиите за експлоатација на минерални суровини и надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

**ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2026 ГОДИНА**

Расходите во буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година се планирани во вкупен износ од **289.672.766,00** денари. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економска класификација како што е дадено во следната табела:

| Ред. б.рој | ВИД | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Плати и надоместоци | **174.483.799,00** |
| 2 | Резерви и недефинирани расходи | **110.000,00** |
| 3 | Стоки и услуги | **35.697.621,00** |
| 4 | Каматни плаќања | **600.000,00** |
| 5 | Субвенции и трансфери | **7.549.000,00** |
| 6 | Социјални бенефиции | **1.200.000,00** |
| 7 | Капитални расходи | **66.632.346,00** |
| 8 | Отплата на главница | **3.400.000,00** |

Согласно законската регулатива буџетот во расходниот дел е поделен на тековно-оперативни расходи и капитални расходи.

Во тековно – оперативни расходи спаѓаат: плати и надоместоци за вработените во општината и единките корисници на средства од буџетот на општината (училишта, детска градинка и дом на културата); стоки и услуги; резерви и недефинирани расходи

и субвенции и трасфери. Со тековно оперативните расходи се обезбедува редовно и нормално функционирање на општината и единките корисници на средства од буџетот.
Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проектна документација и изградба на инфраструктурни објекти (патишта, водоводи, канализации, спортски објекти, комерцијални објекти, улично осветлување итн.),согласно програмата за комунално уредување која ја донесува советот на Општина Демир Хисар.
Расходниот дел на буџетот на Општина Демир Хисар се состои од програми и потпрограми преку кои се финансира реализацијата на надлежностите на општината доделени со Законот за локална самоуправа, како што се советот на општината, градоначалникот, општинската администрација, урбанистичкото планирање, култура, образование, спорт и рекреација, заштитата на животната средина, комунални дејности, прекугранична соработка, ТППЕ итн.

Расходите во буџетот на Општина Демир Хисар по основни намени се утврдуваат во посебниот дел во билансот на расходи како што следува:

**А0 Совет на општина**
401 - 300.000,00 персонален данок на доход од надоместоци за совет
404 - 2.700.000,00 надомест за совет
426 - 100.000,00 расходи за репрезентација
463 - 200.000,00 трансфери до невладини организации согласно програмата
464 - 1.000.000,00 разни трансфери ( по доставени барања од месни заедници, црковни одбори, правни и физички лица, одлуки од совет )
471-1.200.000,00 еднократна парична помош и помош во натура, помош за новороденче, еднократна парична помош за запишано прваче

**А1 Изборни активности и референдуми**
464 - 3.000.000,00 за исплата на избирачки одбори за локални избори

**Д0 Градоначалник**
401- 1.212.000,00 основна плата и персонален данок за Градоначалник
402- 469.200,00 придонеси за социјално осигурување за Градоначалник
412 - 10.000,00 постојана резерва (непредвидливи расходи)
413- 100.000,00 тековни резерви (разновидни расходи, се исплаќа помош за починат родител на вработен и за вработен во општината и локалните јавни установи )
420 - 30.000,00 патни и дневни расходи во земјата
421 - 60.000,00 телефон
423 - 100.000,00 прехранбени продукти и пијалаци
425- 300.000,00 правни услуги за ангажирање на адвокат
426- 700.000,00 други тековни расходи (репрезентација – угостителски услуги и подароци дадени од страна на Градоначалникот)
464- 400.000,00 трансфери при пензионирање за вработени во општината и во локалните јавните установи

**Е0 Општинска администрација**

401- 22.295.600,00 основна плата за државни службеници и други вработени и персонален данок

402 - 8.616.000,00 придонеси за социјално осигурување

404 - 1.200.000,00 надомест за годишен одмор

420 - 100.000,00 патни и дневни расходи и сместување за семинари за вработените

421-2.500.200,00 Комунални услуги, греење и транспорт ( електрична енергија, водовод и канализација, дрва, течни горива, пошта, телефон и интернет, горива и масла, регистрација на моторни возила, рата за електрична енергија по спогодба со ЈКП Комуналец Демир Хисар)

423- 300.000,00 Материјали и ситен инвентар ( канцелариски материјали, претплата за билтени, службен весник, весници и други изданија за потребите на вработените, материјали за АОП, средства за одржување на хигиена и други материјали)

424- 500.000,00 Поправки и тековно одржување ( поправка и сервисирање на лесни возила, одржување на згради, одржување на програми за сметководство, даноци и буџет и одржување на друга опрема)

425- 1.500.000,00 договорни услуги ( осигурување на недвижности, осигурување на моторни возила, услуги за копирање, печатење и издавање, здравствени услуги и договорни услуги)

426- 500.000,00 други тековни расходи (членарина во домашни организации - ЗЕЛС,Државен архив, Архивист 2, Центар за развој на Пелагонискиот регион, обуки и семинари за вработените, објавување на огласи и други оперативни расходи)

452 - 600.000,00 камата на кредити

464- 2.000.000,00 разни трансфери (плаќање по судски решенија, јубилејни награди за вработените и други трансфери)

491 - 3.400.000,00 (Отплата на кредит за изградба на локален пат до манастир Св.Петар во Смилево – 1.113.028,00, набавка на 4(четири) минибуси за превоз на ученици во Општина Демир Хисар – 1.588.234,00 и реконструкција на улици во Демир Хисар – 678.846,00.)

**ЕА Капитални трошоци на општината**

480- 200,000,00 купување на информатичка и друга опрема

481- 500.000,00 - реновирање на делови од објекти на основни училишта во Слепче, Жван,Вардино и Обедник

485- 100.000,00 надомест за експропријација за канализација во Белче

**Ф1 – Урбанистичко планирање**

425 – 800.000,00

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на урбанистичка документација<br>(изработка на план за изградба на храм Св.Кирил и Методиј во Демир Хисар)<br>Изработка на друга урбанистичка документација (урб.план за пат с.Стругово-Манастир Св.„Антониј” и пат с.Слоештица Манастир Св.„Ѓорѓија” | 500.000,00<br><br>300.000,00 |
| | Вкупно: | 800.000,00 |

**Ј2- Одведување и пречистување на отпадни води**
424- 300.000,00 одржување и чистење на канали за отпадни води и атмосверска канализација и чистење на речни корита

**Ј3 - Јавно осветлување**
421 - 2.800.000,00 – улично осветлување по фактури
424 - 400.000,00 – материјали за улично осветлување и одржување

**Ј4-Јавна чистота**
421 - 1.300.000,00

**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици**
424- 1.500.000,00

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на локални патишта и улици (зимско и друго) | 1.490.000,00 |
| 2. | Анализа на состојбата на улична и патна инфраструктура | 10.000,00 |
| | Вкупно: | 1.500.000,00 |

**Ј8 - Други комунални услуги**
421 - 680.000,00 комунални услуги ( 400.000,00 по програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар , 280.000,00 други комунални услуги)
424 - 220.000,00 дезинфекција, дезинсекција и дератизација
425 - 100.000,00 сопствено учество од 20% за бруто плата за ангажирање на лица за јавни работи – проект финансиран од Агенција за вработување и ангажирање со договор од буџетски средства

**ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**
482- 7.350.000,00 (6.300.000,00 по програма, 1.050.000,00 обврска за проекти кои се изработуваат за манастир Св.Атанасиј Сопотница и улици Белче)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на техн.документација (Осн. проект, УП, ревизија)<br><br>Изработка на основен проект за реконструкција на локална улица во с.Вирово<br>Изработка на основен проект за реконструкција на дел од општински пат врска регионален пат Р1305- с.Обедник<br>Изработка на основен проект за изградба на пат с.Стругово- Манастир Св.„Антониј”<br>Изработка на основен проект за изградба на пат с.Слоештица Манастир Св.„Ѓорѓија” | 1.000.000,00 |
| | Реконструкција на дел од ул.„Маршал Тито” | 5.000.000,00 |
| 3. | Надзор над реконструкција на улици | 300.000,00 |
| | Вкупно: | 6.300.000,00 |

ЈДА- 4.147.132,00 - Реконструкција на локална улица бр. 1 во населено место Белче
ЈДБ- 2.555.864,00- Реконструкција на локална улица бр. 2 во населено место Белче (2.165.986,00 обезбедени од Министерство за транспорт и 389.878,00 сопствено учество)
ЈДД – 3.115.026,00 -Реконструкција на локална улица во населено место Сладуево
ЈДЕ – 7.115.550,00 - Реконструкција на локална улица во населено место Жван
ЈДФ – 4.515.526,00 - Реконструкција на локална улица во населено место Смилево
ЈДГ – 4.899.634,00 - Реконструкција на локална улица во населено место Стругово
ЈДХ – 5.581.662,00 - Реконструкција на локална улица во населено место Загориче
ЈДИ – 15.717.489,00 - Реконструкција на локален пат од Вардино до Демир Хисар
ЈДЈ – 3.533.690,00 - Изградба на улици во населено место Бараково

**ЈФ - Сообраќајна сигнализација**
480 - 100.000,00 изработка на сообраќајни проекти

**ЈГ** – Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување
482- 1.530.000,00 (800.000,00 реконструкција на водовод во Загориче, 730.000,00 за реконструкција на водовод во Стругово – изведба на бетонска шахта и поставување на вертикална пумпа)

**ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**
482 – 752.540,00 (652.540,00 обврска за проекти за канализација Вардино – обезбедени средства од Министерство за животна средина и просторно планирање, 100.000,00 изработка на друга техничка документација)

**ЈН - Урбана опрема (капитални расходи)**
480 – 500.000,00

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на урбана опрема во с.Обедник, с.Света, с.Единаковци и с.Слепче | 500.000,00 |
| | Вкупно: | 500.000,00 |

**К4 – Културни манифестации**
425 - 170.000,00 договорни услуги
426 - 130.000,00 расходи за репрезентација
464 - 50.000,00 други трансфери
(активности за организирање на летна школа, дел од средствата ќе финансира Министерство за култура)

**ЛО - Спорт и рекреација**
463 - 200.000,00 трансфери до спортски клубови
464 - 100.000,00 други трансфери
( Согласно програмата за спорт)

**ЛА0 – Спорт и рекреација**
482 – 800.000,00

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на подлога тартан на игралишта во с.Сопотница и Демир Хисар | 800.000,00 |
| | Вкупно: | 800.000,00 |

**ЛАА- Подобрување на условите за спорт и рекреација на млади**
482- 2.400.000,00 – сопствено учество за изградба на спортски терени (тениски терен и терен за кошарка) во Демир Хисар

**ЉО - Заштита и спасување**
464 - 100.000,00 разни трансфери

**Р1- Заштита на животна средина и природа**
421 - 100.000,00 чистење на диви депонии

**Т1 - Унапредување на здравствената заштита**
425 - 100.000,00 договорни услуги

**ЊО - Противпожарна заштита**
401 - 2.195.000,00 основна плата и персонален данок за тројца пожарникари
402 - 956.000,00 придонеси за социјално осигурување
421 - 100.000,00 електрична енергија, дрва, телефон и регистрација на моторни возила
423 - 100.000,00 материјали и ситен инвентар (за униформи)
424 - 100.000,00 сервисирање на возила
425 - 50.000,00 осигурување на вработени и осигурување на моторни возила

**Џ10 Родова еднаквост**
425 - 60.000,00 договорни услуги

Општина Демир Хисар
Одд.за финансиски прашања
Раководител,
Влатко Станковски